АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03.09.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3377 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 10 август 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 септември 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
- **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
- **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
- **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, емитуван на 10 август 2020 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на точката 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците - ниту во текот на дневноинформативната емисија „Вести", ниту на одјавната шпица не се објавени податоците за импресумот: име и презиме на новинарот–автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниманел, монтажер и сл).

10.08.2020

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести | 17:01:58 | 17:17:35 | Ни во текот на емисијата, ни на одјавна шпица не се објавени податоци за импресумот - идентификација на новинарите и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози. |
| | 19:59:09 | 20:14:46 | |
| | 21:58:50 | 22:14:27 | |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисиите „Rruga drejt suksesit", „Bisedë me Akademik Feti Mediu", „Emisioni për shëndetsi", „Nën thjerrzën e Uskanës", „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat" и „Alternativa", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

10.08.2020

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Rruga drejt suksesit" (Патот кон успехот) | 12:08:16 | 12:59:28 | Ниту на најавна ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот: авторско-реализаторската екипа; - уредништвото и (*датумот на*) продукцијата. |
| „Bisede me Akademik Feti Mediu" (Разговор со Академик Фети Медиу) | 15:02:45 | 15:57:55 | |
| „Emisioni për shëndetsi" (Емисија за здравство) | 17:22:50 | 17:52:19 | |
| „Nën thjerrzën e Uskanës" | 18:59:56 | 19:59:48 | |
| „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat" (Правниот факултет на Универзитетот во Тетово, целите и предизвиците) | 21:06:48 | 21:30:09 | |
| „Alternativa" (Алтернатива) | 22:18:32 | 22:52:15 | |

8. **Опис на прекршувањето: /**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, на 10 август 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка: /

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***